РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-172/1
12-01-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 26-та седница одржана на 30.12.2025 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот оформен по пријава број 12-3030/1 од 25.11.2024 година, со наводи за сомневање за незаконско постапување од страна на службени лица во Општина -------------, во врска со непреземање дејствија по решение за отстранување на бесправно изграден објект, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај е постапено од страна на Дражвен управен инспекторат и од страна на Општината се отстранети неправилностите утврдени при надзорот, како и од страна на надлежно јавно обвинителство кое ја отфрлило доставената пријава.

Предметот со број 12-3030/1 од 25.11.2024 година, да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 25.11.2024 година, доставена е пријава со наводи за сомневање за незаконско постапување од страна на службени лица во Општина -------------, во врска со непреземање дејствија по Решение за отстранување на бесправно изграден објект од 16.07.2024 година, по која е оформен предмет број 12-3030/1 од 25.11.2024 година.
Во конкретниот случај станува збор за предмет на физичко лице / инвеститор на градба, против кое било поднесено пријава за бесправно градење на објект на КП бр. 1238/1 и 1238/3 во КО ------------- -, а за која подносителот укажува дека од страна на

ΔКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

лица вработени во Општината не биле преземени никакви дејствија по однос на Решението за отстранување на бесправно изграден објект заведено под број ИП1 бр. 27-11 од 16.07.2024 година, донесено во наведниот предмет.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до Општина ------------ и побара да се достават сите списи и информација за преземените дејствија во врска со предметното решение за отсранување на градба.

При разгледувањето на добиените одговори и целокупната документација на предметот, констатирано е следното:

- За предметниот случај било постапено од страна на овластен градежен инспектор и на 10.05.2023 година бил извршен инспекциски надзор при кој било утврдено дека објектот немал одобрение за градење и за адаптација, иако истиот бил вселен и бил предмет на судска постапка за физичка делба пред Основен суд од 05.02.2015 година. При тоа од страна на инспекторот било известено ОЈО ---------------- кое постапило и на 24.11.2023 година ја отфрлило доставената пријава.

По надзорот, на 30.05.2023 година било издадено и Решение број ИП1.бр.27-11, со кое бил задолжен инвеститорот/физичкото лице да ги отстрани утврдените неправилности( да ги стопираат градежните активности и да ги отстранат сите недостатоци на објектот).

Државниот управен инспекторат, на 15.12.2023 година, извршил вонреден инспекциски надзор за случајот при кој констатирал дека по донесувањето на наведеното решение за отстранување на неправилности, од страна на овластениот градежен инспектор при Општина ------------- не се преземени наредни дејствија за отпочнување на постапка за извршување, согласно член 142 од Законот за градење. Поради тоа управниот инспектор донел Решение за отстранување на констатираните неправилности.

На 12.01.2024 година, бил извршен контролен надзор од страна на овластениот градежен инспектор при Општина ----------------, при кој била утврдена истата фактичка состојба за предметниот случај.

Државниот управен инспекторат, извршил контролен инспекциски надзор на 19.01.2024 година и констатирал дека од страна на овластениот градежен инспектор при Општина ---------------- е постапено по Решението од управниот инспектор издадено при вонредниот инспекциски надзор и бил изготвен акт насловен Известување за извршување на инспекциска мерка по Решение в.в. со Записник за констатација Ип1 бр.27-11 од 12.01.2024 година. Оттаму, управниот инспектор ја запрел инспекциската постапка за овој случај.

Од записникот на овластениот градежен инспектор, како и на државниот управен инспектор, е видно дека за предметниот случај постапувало ОЈО ----------------- и ја отфрлило пријавата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од сето погоре констатирано, ДКСК утврди дека за предметниот случај е постапено од страна на друг надлежен орган - Државниот управен инспекторат кој презел дејствија од своја надлежност, извршил вонреден и контролен инспекциски надзор во Општина ---------------- при кој донел акт од своја надлежност, а по кој е постапено од страна на Општината и отстранети се неправилностите утврдени при надзорот. Воедно, за предметниот случај постапило и надлежно јавно обвинителство – ОЈО ----------------- и ја отфрлило доставената пријава.

Оттаму, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б., советник
Конролирал: Ј.Ц.,раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.К.Ш., член на ДКСК